Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 14.12.2016 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 6439 | 1 | |

19:05

**До:**
**д-р Зоран Трајчевски, директор**
**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 196-г и член 196-ѓ од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр.40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16), а во врска со Писмениот извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското Радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ Скопје, бр.10-6381/1 од 11.12.2016 година, Привремената комисија за следење на медиумско претставување, доставува:

**П Р Е Д Л О Г**
**за изрекување мерка**

До Привремената комисија за следење на медиумско претставување доставен е Писмен извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското Радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ Скопје, бр.10-6381/1 од 11.12.2016 година, емитуван на 11 декември 2016 година.

Предмет на извршениот надзор (мониторинг) е член 76-б став 3 од Изборниот законик („При известувањето во деновите на изборниот молк, ќе се смета дека медиумите го прекршиле изборниот молк доколку емитуваат, односно објават: какви било информации, фотографии, аудио и аудио-визуелни материјали поврзани со или во кои учествуваат учесници во изборите; какви било облици на медиумско известување кои се отворено или прикриено во функција на нечија изборна кампања и можат да влијаат врз одлуката на избирачите; податоци со кои го откриваат идентитетот на политичките субјекти и/или на поединци вклучени во инциденти или други неправилности на денот на гласањето како и изјави од кандидати во изборниот процес, од учесниците во изборна кампања, од претставници на политички партии, и од носители на функции во органите на власта“).

По разгледување на Писмениот извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското Радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ Скопје, бр.10-6381/1 од 11.12.2016 година, Привремената комисија за следење на медиумско претставување предлага да се покрене прекршочна постапка во која судот ќе изрече прекршочна санкција – опомена за прекршување на член 76-б став 3 од Изборниот законик.

**О б р а з л о ж е н и е**

До Привремената комисија за следење на медиумското преставување доставен е Писмен извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското Радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ Скопје, бр.10-6381/1 од 11.12.2016 година, емитуван на 11 декември 2016 година.

По разгледување на Писмениот извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското Радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ Скопје, бр.10-6381/1 од 11.12.2016 година, Привремената комисија констатираше дека Трговското Радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ Скопје, во рамките на својот програмски сервис емитуван на 11 декември 2016 година, на државно ниво, спротивно на одредбите од член 76-б став 3 од Изборниот законик, за време на изборниот молк, објави изјава од носител на функција во орган на власта. Имено, во периодот од 14 часот и 8 минути до 14 часот и

10 минути, во рамки на вестите во 14 часот, *Во Зенит со Нова*, емитувана е изјава на Митко Чавков, директор на Биро за јавна безбедност, кој е носител на функција во орган на власта. Истата изјава е емитувана уште три пати, во периодите од 15 часот и 11 минути до 15 часот и 13 минути, од 16 часот и 27 минути до 16 часот и 29 минути и од 17 часот и 48 минути до 17 часот и 50 минути.

Прекршокот е констатиран и е специфициран (по опис на констатации од надзорот, датум на прекршок, период на емитување на изјавата и опис) во Писмениот извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското Радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ Скопје, бр.10-6381/1 од 11.12.2016 година, во точка 6. „Констатации од надзорот".

Врз основа на предходно наведеното, со оглед дека прекршокот е сторен за прв пат, Привремената комисија за следење на медиумското претставување предлага да се покрене прекршочна постапка во која судот ќе изрече прекршочна санкција – опомена.

**Членови на Привремената комисија за следење на медиумско претставување:**

1. Љуљзим Хазири ____________
2. Слаѓана Димишкова ____________
3. Љубомир Костовски ____________
4. Горан Трпеноски ____________
5. Цветин Чилиманов ____________